**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# <u>Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј</u>

ЗА

РАБОТАТА НА

СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗА 2014 година

Февруари 2014 година

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Примено: 30. 04. 2015
08 1953/1

бр. 07/ 103/2
Скопје, 29.04.2015 година.

**До**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Предмет: Годишен извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Македонија за 2014 година.

Почитувани,

Во прилог на писмото Ви го доставуваме Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Македонија за 2014 година.

Со почит,

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Петар Аневски**

ул. "Кеј Димитар Влахов" бр.4, кат 5 , Скопје
тел. . 02/ 3207-480 факс 02/ 3207-482

СОДРЖИНА


ВОВЕД.......................................................................................................

I. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ.........................................................................

II. ИЗБОРИ И ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈА..............................................

III. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ ПОПЛАКИ И ДРУГИ ПОДНЕСОЦИ......

IV. СОРАБОТКА НА СОВЕТОТ СО ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА.....................................................

V. ОРГАНИЗАЦИЈА,КАДРОВСКА СОСТОЈБА И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА.................................................

Советот на јавните обвинители на Република Македонија е основан согласно Уставот на Република Македонија во 2008 година. Мандатот на членовите на Советот трае 4 четири години со право на уште еден избор.На избраните членови на Советот од редот на јавните обвинители , додека им трае мандатот во Советот, им мирува функцијата јавен обвинител.

Првиот состав на Советот на јавните обвинители на Република Македонија , е конституиран на 01.08.2008 година, а вториот на 01.08.2012 година, а завршува на 31.07.2016 година.

Надлежноста и начинот на работа на Советот на јавните обвинители на РМ е регулирана во чл.9 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија. Во овој член детално е опишана надлежноста и начинот на кој Советот постапува и работи се со цел да ја обезбеди самостојноста на јавните обвинители на територијата на Република Македонија.

Основна законска надлежност на Советот на јавните обвинители на Република Македонија е да ги избира и разрешува јавните обвинители на сите нивоа, освен јавниот обвинител на Република Македонија. кој го избира Собранието на Република Македонија по предлог на Владата на Република Македонија, по кој предлог Советот на јавните обвинители на РМ дава мислење.

Советот го определува бројот на јавните обвинители, ја следи работата на јавните обвинители врз основа на оцената за нивната работа согласно Законот за јавното обвинителство .

Советот одлучува за утврдување на нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител согласно Законот за јавното обвинителство, донесува одлука со која јавен обвинител привремено се одалечува од функцијата до донесување на конечната одлука на дисциплинската комисија.

Утврдува престанок на фукнцијата јавен обвинител и одлучува во втор степен во постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на јавните обвинители.

Заради обезбедување на потребниот број на јавни обвинители , Советот секоја година до крајот на месец февруари со одлука го утврдува бројот на слободните јавнообвинителски места во наредните две години и одлуката ја доставува до Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Постапува по претставки и поплаки на граѓани и правни лица за работата на јавните обвинители .

Во делот на надлежноста каде спаѓа оценувањето на годишните извештаи на јавните обвинителства, издавање и одземање на службените легитимации, водењето на персонални листи за јавните обвинители и давањето мислења и учество во комисиите за законите од областа на делокругот на работата на Советот и јавното обвинителство, Советот ги превзема сите активности во рамките на своите надлежности.

Советот донесува деловник за работа и дава мислења по програмите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

**Начин на работа**

Советот работи на седници на кои присуствуваат членовите на Советот и јавниот обвинител на РМ .

Советот е составен од 11 членови, и тоа по еден јавен обвинител од подрачјето на Вишите јавни обвинителства , еден од Јавното обвинителство на РМ, еден припадник на заедницата која не е мнозинство во РМ, четири члена, ги избира Собранието на РМ, и јавниот обвинител на РМ кој е член по функција.

Во текотот на извештајниот период Советот одржа 32 седници .На седниците најчесто се одлучуваше за избори и разрешувања на јавните обвинители , но беа разгледувани и други актуелни настани, активности во јавнообвинителската организација.

На седниците се разгледуваше и Буџетот на јавното обвинителство, Годишните извештаи и распореди за работа на јавните обвинителства , и други актуелни настани и проблеми кои се јавуваа во работата на јавните обвинителства , како што е материјалниот статус и персонални проблеми.

**Избор и престанок на функцијата јавен обвинител**

Во 2014 година Советот објави вкупно 9 огласи , на кој се јавија 39 кандидати.Советот формираше работни тела- комисии кои со сите кандидати се јавуваа за прв пат на оглас, вршеа интервјуа , од кои стекнуваа мислење за секој кандидат и го презентираа на седница на Советот.

Советот на седниците избра 14 јавни обвинители од кои 1 во Јавното обвинителство на РМ, Основни јавни обвинители на Основните јавни обвинителства во Охрид, Прилеп,Велес, Струга и Гевгелија, 4 јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, 1 јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Прилеп со завршена Академија ,2 јавни обвинители во ОЈО Скопје со завршена Академија и 1 јавен обвинители во ОЈО Штип со завршена Академија.По однос на половата структура на избраните јавни обвинители беа избрани 8 жени и 6 мажи , а по однос на националната припадност се 12 македонци , 1 албанец и 1 бошњак.

**Табела на избрани јавни обвинители во 2014 година**

| Објавени огласи | Пријавени кандидати | Избрани кандидати | Од редот на завршена академија |
|---|---|---|---|
| 9 | 39 | 14 | 4 |

При изборот на јавните обвинители во Основните јавни обвинителства ,Советот беше лимитиран со ограничен број на кандидати ,бидејќи согласно Законот за јавното обвинителство за избор на јавен обвинител во Основно јавно обвинителство, кандидатот мора да има завршено Академија за судии и јавни обвинители.

По неколку конкурси за избор на Основни јавни обвинители немаше пријавени кандидати со завршена Академија и не беше можно да се изврши избор на јавни обвинители во Основните јавни обвинителства во Тетово, Кичево, Куманово, Кавадарци и други јавни обвинителства.

Советот во последните години констатира несрзмерност на обновување на потребниот јавнообвинителски кадар со потребите на јавнообвинителската организација.

Согласно Одлуката за определување бројот на јавните обвинители на Јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства донесена на седница на Советот бројот на јавните обвинители во Република Македонија треба да изнесува 247.

Во извештајниот период функцијата јавен обвинител на јавните обвинителства и јавен обвинител во јавните обвинителства ја извршувале 202 јавни обвинители или 45 јавни обвинители помалку.

**Етничка и полова припадност на избраните јавни обвинители во Република Македонија**

Во Јавното обвинителство на Република Македонија вкупно се избрани 12 јавни обвинители од кои мажи 10,жени 2, а по национална припадност : 8 македонци, 3 албанци и 1србин.

Во Вишото јавно обвинителство Скопје избрани се 15 јавни обвинители од кои : 6 мажи и 9 жени, а по национална припадност: 9 македонци , 4 албанци ,1 влав, и 1 србин.

Во Вишото јавно обвинителство Битола избрани се 7 јавни обвинители од кои 2 мажи, 5 жени, а по национална припадност сите се македонци.

Во Вишото јавно обвинителство Гостивар избрани се 7 јавни обвинители од кои 5 мажи,2 жени, а по национална припадност се 3 македонци и 4 албанци.

Во Вишото јавно обвинителство Штип избрани се 5 јавни обвинители од кои мажи 2, жени 3 , сите по националност македонци.

Во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција избрани се 12 јавни обвинители од кои 5 мажи и 7 жени , а по национална припадност 11 македонци и албанци 1.

Во Основно јавно обвинителство Битола избрани се 7 јавни обвинители од кои 4 мажи и 3 жени, а по национална припадност: македонци 6 и турчин 1.

Во Основно јавно обвинителство Берово избрани се 2 јавни обвинители од кои 2 мажи , а по националност и 2 македонци.

Во Основно јавно обвинителство Гевгелија избрани се 3 јавни обвинители од кои 3 жени , а по националност македонки.

Во Основно јавно обвинителство Гостивар избрани се 5 јавни обвинители од кои 3 мажи и 2 жени , а по национална припадност се 3 македонци и 2 албанци.

Во Основно јавно обвинителство Дебар избрани се 2 јавни обвинители од кои 2 мажи, а по национална припадност 1 македонец и 1 албанец.

Во Основно јавно обвинителство Делчево избрани се 2 јавни обвинители од кои 2 мажи, а по национална припадност се 2 македонци .

Во Основно јавно обвинителство Кавадраци избрани се 4 јавни обвинители од кои 2 мажи и 2 жени, а по национална припадност сите се македонци .

Во Основно јавно обвинителство Кичево избрани се 3 јавни обвинители од кои 1 маж и 2 жени, а по национална припадност сите се македонци .

Во Основно јавно обвинителство Крива Паланка избрана е 1 јавен обвинител по националност македонка.

Во Основно јавно обвинителство Кочани избрани се 5 јавни обвинители од кои 4 мажи и 1 жена, по националност македонци.

Во Основно јавно обвинителство Куманово избрани се 12 јавни обвинители од кои 7 мажи и 5 жени, по националност 8 македонци 4 албанци.

Во Основно јавно обвинителство Охрид избрани се 8 јавни обвинители од кои 5 мажи , 3 жени, по национална припадност сите македонци .

Во Основно јавно обвинителство Прилеп избрани се 6 јавни обвинители од кои 2 мажи и 4 жени, по национална припадност сите македонци .

Во Основно јавно обвинителство Радовиш избрани се 2 јавни обвинители од кои 2 жени, по национална припадност македонки .

Во Основно јавно обвинителство Ресен избрани се 2 јавни обвинители од кои 2 мажи, по национална припадност 1 македонец и 1 албанец.

Во Основно јавно обвинителство Свети Николе избрани се 2 јавни обвинители од кои 1 маж и 1 жена, по национална припадност македонци.

Во Основно јавно обвинителство Скопје избрани се 57 јавни обвинители од кои 20 мажи и 37 жена, а по национална припадност 44 македонци,црногорец 1 и албанци 7,срби 3,бошњаци 2.

Во Основно јавно обвинителство Струга избрани се 4 јавни обвинители од кои 4 мажи, а по национална припадност 3 македонци, и 1 албанец.

Во Основно јавно обвинителство Струмица избрани се 9 јавни обвинители од кои 3 мажи и 6 жени, а по национална припадност македонци.

Во Основно јавно обвинителство Велес избрани се 6 јавни обвинители од кои 6 жени, а по национална припадност сите македонки.

Во Основно јавно обвинителство Тетово избрани се 8 јавни обвинители од кои 5 мажи и 3 жени, по националност 3 македонци и 5 албанци.

Во Основно јавно обвинителство Штип избрани се 6 јавни обвинители од кои 2 мажи и 4 жени, по националност македонци.

На 20 јавни обвинители во Република Македонија им мирува мандатот поради вршење на функцијата јавен обвинител во друго јавно обвинитилство и поради вршење на функцијата член на Советот на јавните обвинители на РМ.

Четири јавни обвинители се времено упатени за вршење на функцијата јавен обвинител во друго јавно обвинителство во траење од шест месеци.

Во текот на извештајниот период се разрешени 11 јавни обвинители и тоа поради исполнување на услови за старосна пензија на 8 јавни обвинители, поради дисциплинска повреда на 1 јавен обвинител, поради сторени кривични дела на повеќе годишна казна затвор осуден е 1 јавен обвинител и по сопствено барање на 1 јавен обвинител.

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ПО ОДЛУКАТА ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА ВО ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ИЗБРАНИ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

| | ЈО | Систематизација | Мом. Бр.на ЈО | Слободни места | Мажи | Жени | Македонци | Албанци | Срби | Турци | Власи | Црногорци | Бошњаци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЈОРМ | 1+11 | 12(три во мирување) | 0 | 10 | 2 | 8 | 3 | 1 | | | | |
| 2 | ВЈО СКОПЈЕ | 1+16 | 14(еден во мирување) | 2 | 6 | 9 | 9 | 4 | 1 | | 1 | | |
| 3 | ОЈО СКОПЈЕ | 1+61 | 57(десет во мирување) | 5 | 20 | 37 | 44 | 7 | 3 | | | 1 | 2 |
| 4 | ОЈО КУМАНОВО | 1+13 | 12 | 2 | 7 | 5 | 8 | 4 | | | | | |
| 5 | ОЈО ВЕЛЕС | 1+8 | 6 | 3 | 0 | 6 | 6 | | | | | | |
| 6 | ОЈО КАВАДАРЦИ | 1+4 | 4 | 1 | 2 | 2 | 4 | | | | | | |
| 7 | ОЈО ГЕВГЕЛИЈА | 1+3 | 3 | 1 | | 3 | 3 | | | | | | |
| 8 | ОЈО КРИВА ПАЛАНКА | 1+2 | 1 | 2 | | 1 | 1 | | | | | | |
| 9 | ОЈО ГОКК | 1+12 | 12 | 1 | 5 | 7 | 11 | 1 | | | | | |
| 10 | ВЈО ГОСТИВАР | 1+6 | 7 | | 5 | 2 | 3 | 4 | | | | | |
| 11 | ОЈО ГОСТИВАР | 1+8 | 5 | 4 | 3 | 2 | 3 | 2 | | | | | |
| 12 | ОЈО ТЕТОВО | 1+9 | 8 | 2 | 5 | 3 | 3 | 5 | | | | | |
| 13 | ОЈО ДЕБАР | 1+1 | 2 | | 2 | | 1 | 1 | | | | | |
| 14 | ОЈО КИЧЕВО | 1+4 | 3(еден во мирување) | 2 | 1 | 2 | 3 | | | | | | |
| 15 | ВЈО БИТОЛА | 1+7 | 7 | 1 | 2 | 5 | 7 | | | | | | |
| 16 | ОЈО БИТОЛА | 1+8 | 7(еден во мирување) | 2 | 4 | 3 | 6 | | | 1 | | | |
| 17 | ОЈО ПРИЛЕП | 1+7 | 6 | 2 | 2 | 4 | 6 | | | | | | |
| 18 | ОЈО ОХРИД | 1+7 | 8(еден во мирување) | | 5 | 3 | 8 | | | | | | |
| 19 | ОЈО СТРУГА | 1+4 | 4 | 1 | 4 | | 3 | 1 | | | | | |
| 20 | ОЈО РЕСЕН | 1+1 | 2 | | 2 | | **1** | **1** | | | | | |
| 21 | ВЈО ШТИП | 1+5 | 5(еден во мирување) | 1 | 2 | 3 | 5 | | | | | | |
| 22 | ОЈО ШТИП | 1+5 | 6 | | 2 | 4 | 6 | | | | | | |
| 23 | ОЈО СТРУМИЦА | 1+8 | 9 | | 3 | 6 | 9 | | | | | | |
| 24 | ОЈО БЕРОВО | 1+1 | 2(еден во мирување) | | 2 | | 2 | | | | | | |
| 25 | ОЈО ДЕЛЧЕВО | 1+1 | 2 | | 2 | | 2 | | | | | | |
| 26 | ОЈО РАДОВИШ | 1+1 | 2(еден во мирување) | | | 2 | 2 | | | | | | |
| 27 | ОЈО КОЧАНИ | 1+5 | 5 | 1 | 4 | 1 | 5 | | | | | | |
| 28 | ОЈО СВЕТИ НИКОЛЕ | 1+1 | 2 | | 1 | 1 | 2 | | | | | | |

| Вкупно | Мажи | Жени | Македонци | Албанци | Срби | Турци | Власи | Црногорци | Бошњаци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 96 | 106 | 160 | 32 | 5 | 1 | 1 | 1 | 2 |
| 202 | 48% | 52% | 79% | 16% | 2% | 0,3% | 0,3% | 0,3% | 0,3% |

## ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ, ПОПЛАКИ И ДРУГИ ПОДНЕСОЦИ

### Претставки и поплаки

Постапувањето по претставки и поплаки на граѓаните и правни лица за работата на јавните обвинители е законска обврска, која во 2014 година од Советот целосно е извршена, на начин и во постапката пропишана со Деловник за неговата работа.

Во 2014 година, Советот постапувал по вкупно 154 претставки, што во однос на 2013 година кога биле евидентирани 120 претставки е зголемување во обемот на работа за 34 претставки или 22,1%.

Од вкупно 154 претставки, најголемо учество со поденсени 126 претставаки или 81,8% завземаат физички лица, од кои 95 се од оштетени лица, 27 од обвинети лица и 4 од тн заинтересирани лица кои немат статус на учесник во кривичната постапка.

Учеството на останатите субјекти во поднесувањето на претставките е прикажано во следната табела:

| ПОДНЕСИТЕЛИ НА ПРЕТСТАВКИ ЗА 2014 година | | |
|---|---|---|
| Оштетени лица | 95 | 61.69% |
| Обвинети лица | 27 | 17,53% |
| Заинтересирани лица | 4 | 2,6% |
| Ошететени правни лица | 15 | 9,74% |
| Анонимни | 3 | 1,94% |
| Други | 10 | 6,49% |
| **Вкупно** | **154** | **100%** |

Статистичките податоци укажуваат дека од 154 претставки, непосредно до Советот се подесени 141 , а индирекно преку Министерството за правда, Републичкиот Судски совет, и други државни органи и институции 13 претставки.

Во 148 случаи, претставките се однесуваат на работата на јавните обвинители , а во 6 случаи граѓаните од Советот барале правни мислења, инфирмациии слично.

Во 148-те случаеви на поднесени претставки граѓаните и правните лица изразиле назадоволство од работата на 167 јавни обвинители и тоа :

- На 4 во Јавно обвинителство на РМ:
- На 15 во Вишите јавни обвинителства:
- На 8 во Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, и
- на 140 во Основните јавни обвинителства.

**Состојба на поднесени претставки за работата на јавните обвинители по одделни Виши и Основни јавни обвинителства е следната**:

| **ВЈО Скопје** | **Основно јавно обвинителство** | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Скопје | Куманово | Велес | Кавадарци | К.Паланка | Гевгелија | |
| 4 | 44 | 10 | 9 | 6 | 3 | 2 | 78 |

| **ВЈО Битола** | **Основно јавно обвинителство** | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Битола | Прилеп | Охрид | Ресен | Струга | |
| 4 | 11 | 3 | 2 | 3 | 2 | 25 |

| **ВЈО Штип** | **Основно јавно обвинителство** | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Штип | Кочани | Струмица | Св .Николе | Делчево | Берово | |
| 4 | 6 | 7 | 7 | 2 | 2 | 1 | 29 |

| **ВЈО Гостивар** | **Основно јавно обвинителство** | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Гостивар | Тетово | Кичево | Дебар | |
| 3 | 4 | 8 | 8 | / | 23 |

Од изнесените податоци може да се заклучи дека најголем број претставки се однесуваат на работата на јавните обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје, што е сосема разбирливо со оглед на обемот на работата што ова обвинителство го има во вкупниот обем на работа, а додека за Основното јавно обвинителство Дебар не е евидентирана ниту една претставка.

Од анализата на содржината на претставките по ниту еден критериум не е можно нивно групирање и статистичка обработка , по основ на основите поради кои се поднесуваат, но заедничко на сите е изразено незадоволство од постапувањето и одлуките на јавните обвинители, па така :

Оштетените граѓани и правни лица се незадоволни заради наводно неспостапување по поднесени кривични пријави од нивна страна , а особено од донесените решенија за отфрлање на кривичните пријави.

Обвинетите лица пак како подосители на претставките се незадоволни што против нив се водат кривични постапки, сметаат дека обвиненијата против нив се тенденциозни и резултат на нестручно постапување на јавните обвинители.Обвинетите сугерират за повлекување на обвиненијата,за нивно прецизирање или измена на правната кфалификација на кривичното дело и слично. Претставките на оштетените и обвинетите лица се и со барања за иземеање на јавните обвинители, утврдување на дисциплинска одговорност и нивно разрешување.

Советот во 2014 година како што е погоре наведено согласно Законот а на начин и во постапката пропишана со Деловникот за неговата работа има постапено по сите претставки.

Во извештајната година во постапувањето на Советот по претставките, не е утвреден ниту еден случај на нестручно и несовесно вршење на фукцијата јавен обвинител, што би бил основ за иницирање на дисциплинска постапка и разрешување од функцијата јавен обвинител. Мораме да се нагласиме дека во текот на проверките на наводите во претставките, воочени се пропуштања во постапувањата на јавните обвинители, од формална природа. , Заради тоа од повисоките јавни обвинителства им е укажувано да во иднина не се повторуваат вакви повреди, меѓутоа констатирано е дека истите не биле од влијание на законитоста на донесени одлуки.

**Постапување по други поднесоци**

Советот во 2014 година постапувал и по 358 други поднесоци, што во однос на евидентирани 256 во 2013 година е зголемување во обемот на работа по тој основ за 102 поднесоци..

Од наведената бројка особено е потребно да се истакне следното постаување на Советот:

- разгледани и оценети се 22 Годишни извештаи за работа во 2013 година на Основните јавни обвинителства,Годишниот извештај за работа на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција ,Годишните извиштаите на четирите Виши јавни обвинителства и Годишен извештај на Јавното обвинителство на Република Македонија ,
- разгледани се и дадени се мислења и согласноти за распоредите на работата на сите обвинителства во Република Македонија :
- разгледани се сите извештаи, од редовните контроли на работењето на јавните обвинители во Основните јавни обвинителства , а такви контроли се вршени на два пати во годината, од страна на Вишите јавни обвинителства и Јавното обвинителство на РМ , извештаи за оценување на работата на јавните обвинители и извештаи на Академијата за судии и јавни обвинители за континуирана обука на обвинители на сите нивоа.

## СОРАБОТКА НА СОВЕТОТ СО ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### Институционална соработка

Институционално зајакнување на Советот како самостоен орган само по себе не е негова цел, туку е нужна потреба заради обезбедување на самостојноста и независноста на јавните обвинители во извршувањето на нивната функција, според општо прифатени стандарди содржани во меѓународни конвенции и препораки и нивна имплементација во домашното законодавство.

Во 2014 година со програмата за работа на Советот , соработката со државните органи и институции беше проектирана да се остварува во три насоки:

- непосредно вклучување на Советот во постапките за измени и дополнување на Кривичното законодавство и Законите од делокругот на неговата работа;
- давања на мислења за закони кога тоа Министервото за правда и други надлежни институции ќе го побарат од него, и
- во насока на реализирањето на почетна обука на кандидати за јавни обвинители, и континуирана обука на јавни обвинители од сите нивоа во Република Македонија.

Во контекст на наведеното, најдиректна соработка Советот има оставрено со Јавните обвинителства, со секојдневни контакти и непосредни средби по разни основи, со Академија за судии и јавни обвинители, во чии органи како што се Управниот одбор и Програмскиот совет ,учествува со свои членови.

Значајно е да се одбележи и соработката со Министерството за Правда каде членовите на Советот учествуваат во повеќе комисии.

Советот соработуваше со Судскиот совет, Врховниот суд, Здруженијата на јавните обвинители и судии и со други државни органи и институции.

**Меѓународна соработка**

Што се однесува до меѓународната соработка, во недостиг на потребни средства и без финансиска подршка , на билатерален и мултилатерален план соработка со слични институции во замјите од регионот и пошироко, Советот самостојно нема реализрано.

Во 2014, година како и претходните години меѓународна активност на Советот зависеше од активностите на Академијата за судии и јавни обвинители.Во таа смисла преку Академијата и заедно со претставниците на другите правосудни институции, членовите на Советот беа вклучени во повеќе дневна студиска посета на Правосуднна академија на Република Турција.

Во месец јуни 2014 година,беше оставрена возвратна посета на шест члена на Правосудна акдемија на Република Турција , при која во Советот беше остварена непосредна средба со нив и беа разменети мислења и искуствата по прашањата од надлежноста на двете институции.

Во минатата година Советот активно учествуваше на сите семинари, конференции, тркалезни маси, и работилници организирани во Република Македонија од Академијата и други правосудни институции па и на оние со учеството на претставници и експрети на меѓународни институции.

Потребно е да се нагласи дека се започнати активности на програмата за мрежно поврзување на Советот на јавните обвинители на Република Македонија со слични институции од земјите на Југо источна Европа, а во 2015 година ќе биде целосно реализирана со што и меѓународната соработка ќе биде подобрена .

## ОРГАНИЗАЦИЈА, КАДРОВСКА СОСТОЈБА И МАТЕРИЈАНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

**Внатрешна организација**

Советот својата функција, правата и обврските во 2014 година ги извршуваше во полн состав. Од 10-те избрани членови на Советот, 6 се македонци,2 албанци и 2 срби.Во неговиот состав има само една жена.

Во 2014 година на двајцата члена на Советот, од редот на избрани јавни обвинители , кои ги исполнуваа условите за старосна пензија , не им престана функцијата член на Советот бидејќи истата продолжија да ја

извршуваат согласно на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

Во втората половина на 2014 година, заради истекот на двегодишниот мандат на претходниот Претседател на Советот , со мандат во исто траење без право на повторен избор е избран нов претседател на Советот.

Извршувањето на стручни административно технички и управни работи, е во надлежноста на Стручната служба. Согласно Законот и актите за внатрешна организација и систематизација, Стручната служба организационо е поделена на две одделенија и тоа:

- одделение за правни и административно –општи работи , и
- одделение за управување за човечки ресурси.

Од предвидените 13 извршители во стручните служби вработени се само 5 лица . Со стручната служба раководи Генерален секретар на Советот.

**Услови за работа**

Со Одлука на Владата на РМ ,во октомври 2013 година , на Советот на користење му беа доделени 527 m деловен простор ,на 5 –ти кат од зградата на улица “Кеј Димитар Влахов “Скопје, со тоа просторното сместување беше решено. Во поглед на техничката опременост нагласуваме дека Советот е опремен со опрема добиена од Министерсвото за правда на РМ, за која слободно може да се каже дека не само што е застарена тука и е нефункционална. Дел од компјутерите и другата техничка опрема е надвор од употреба. Советот нема софтвер,нема скенер, нема факс , има деловен простор но нема канцелариска опрема за архивирање на чување на предметите .

Советот на јавните обвинители на РМ општо е познато дека нема сопствен буџет, туку се финансира како дел од буџетската програма на Јавното обвинителство на Република Македонија . Советот на јавните обвинители на РМ , иако соочен со потешкотии во неговото функционирање сите обврски во 2014 година успешно ги има извршено.

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА